20120050156

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56 а во врска со член 54 став 1 точка 8 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006,1 8/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010 и 53/2011), и член 11 став 3 од Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала („Службен весник на Република Македонија“ број 33/2011, 66/2011 и 99/2011), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на ден 27 декември 2011 година донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА СИСТЕМИ ЗА ИЛЕОСТОМИ, КОЛОСТОМИ И УРОСТОМИ, ПЛОЧКИ И ПАСТА, ШТО ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени за системи за илеостоми, колостоми и уростоми, плочки и паста, што паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 61/2006, 41/2007, 132/2007, 37/2008 и 33/2010), во член 2, во табелата, кај редниот број 3 - „Ќеси за едноделен систем за илеостома“, во колоната 3 бројот „117“ се заменува со бројот „114“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство а ќе се применува од 15 јануари 2012 година.

Бр. 02-20490/8
27 декември 2011 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Јован Грповски, с.р.